**Соопштение**
**Скопје, 07 ноември 2013 година**

*Граѓанските организации ЕСЕ, ЦДРИМ, ЛИЛ и КХАМ, бараат од Владата на РМ и Министерството за здравство да ги прифатат предложените мерки за зголемување на опфатот со имунизација на децата од ромските заедници*

Овие граѓански организации, во 2012 година, спроведоа мониторинг на имплементацијата на специфичните активности за зголемување на опфатот на децата од ромските заедници со превентивни здравствени услуги (вакцинација, патронажни посети и здравствена едукација) утврдени со **Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца** во 8 општини[1] и 15 населени места во РМ.

**Клучни промени во износот на средства наменети за Роми настанаа во 2012 година. Имено, во 2012 година, алоцирани се 390.000,00 денари, што е за 85% помалку од средствата за Роми предвидени со ребалансот во 2011 година. Ваквата состојба останува непроменета и во 2013 година.**

Резултатите од спроведениот мониторинг укажуваат на следното:

**Владата на РМ и Министерството за здравство во 2011, за Програмата, алоцирале вкупно 2.868.600,00 денари за активности за надминување на проблемите со превентивна здравствена заштита на Ромите или 14% од вкупниот буџет на оваа Програма. По 9 месеци од донесувањето на Програмата, Министерството за здравство ги намали средствата наменети за Роми за 10%, а пак до крајот на истата година потроши само 40% од овие средства. Нема достапни податоци за тоа каде се потрошени или пренаменети остатокот од непотрошените средства.**

Како директна последица на не спроведувањето на превентивните активности и намалувањето на буџетот, од кои зависи опфатот со вакцинација, резултатите од мониторингот упатуваат на низок степен на опфат на децата од ромските заедници со мерките за имунизација, и тоа:

- **Во просек, 32% од ромските деца во сите вклучени општини не се редовно вакцинирани или се невакцинирани** (6 – 50% во Шуто Оризари, 7- 46% во Прилеп, 35% во Ѓорче Петров, 36% во Злокуќани и 36% во Сарај за различни типови на вакцини).
- **Најнизок опфат, во сите вклучени општини, се јавува кај вакцините против Голема Кашлица (Пертусис)**, при што ваков тип на вакцина не добиле: 70% од ромските деца во Ѓорче Петров; 50% во Шуто Оризари, Злокуќани и Делчево; и 46% во Прилеп. **Состојбата е загрижувачка и во однос на вакцините против Детска парализа (Полио),** при што ваков тип на вакцина не добиле 27% од ромските деца во Шуто Оризари; 44% во Ѓорче Петров; а пак најмал опфат со оваа вакцина се јавува во населба Злокуќани и тоа: 53% Полио I доза и 80% Полио II доза.

*Имајќи ги предвид наведените состојби, а со цел унапредување на здравјето на децата од ромските заедници, **од Министерството за здравство бараме:***
*Во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2014 година **да предвиди, буџетира и соодветно спроведе специфични активности во ромските заедници од кои директно зависи опфатот со имунизација:***

- ***активности за едукација на родителите, зголемен број на теренски акции за пронаоѓање на невакцинирани деца, редовна достава на покани за вакцинација, редовни посети на ромски семејства од патронажни служби и обезбедување на превоз на децата** до Здравствените домови во оние ромските заедници кои се значително оддалечени од овие установи. **За овие активности Министерството за здравство треба да намени вкупно 1.360.000,00 денари, што е половина од средствата во 2011 година.***

[1] Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Карпош, Сарај, Делчево, Виница, Пехчево и Прилеп.

**За дополнителни информации:**

- **Здружение ЕСЕ** - Дарко Антиќ
  тел. 02/ 3292 – 295 лок. 102, e-mail: dantik@esem.org.mk

- **НВО ЦДРИМ** – Кемал Исмаил
  тел. 02/2656 – 680, e-mail: cdrim_mk@live.com

- **НВО ЛИЛ** – Весна Илиева
  тел. 077/739-984, e-mail: vesna.ilieva@hotmail.com

- **НВО КХАМ** – Зоран Биковски
  тел. 072/256-869, e-mail: z_bikovski@yahoo.com

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS